# ПРАВИЛНИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ (НАЧИНОТ И ВИДОТ) НА ОПРЕМА И УСЛУГИ ВО ЛОКАЛНОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО И СТОЧАРСТВО

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и видот на субвенционирање на опрема и услуги во локалното земјоделство и сточарство на вршители на земјоделска дејност во општина Охрид, почнувајќи од денот на негово објавување во Службен Гласник на општина Охрид. Истиот ќе биде на сила до донесување на нов правилник, измена на истиот или негово укинување.

### Член 2

Право на користење на субвенционирање на опрема и услуги во локалното земјоделство и сточарство имаат семејни земјоделски стопанства запишани во Единствениот регистар на семејни земјоделски стопанства (во понамошниот текст ЕРЗС), кој се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст Министерство).

### Член 3

Субвенции можат да остварат сите семејни земјоделски стопанства вршители на земјоделска дејност од мал обем во општина Охрид кои:

- Се запишани во Единствениот регистар на семејни земјоделски стопанства кои вршат земјоделска дејност
- Поседуваат важечка потврда за упис во Единствениот регистар на семејни земјоделски стопанства

## БАРАЊЕ И ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ОПРЕМА И/ИЛИ УСЛУГИ ВО ЛОКАЛНОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО И СТОЧАРСТВО

### Член 4

За добивање на субвенции од член 3 на овој правилник семејните земјоделски стопанства вршители на земјоделска дејност од мал обем во град Охрид до комисијата за доделување на субвенции по основ на опрема и услуги во локалното земјоделство и сточарство (натамошен текст: комисија) доставуваат:

- Барање за субвенционирање на опрема и/или услуги,
- Листа на планирана набавка на:
  1. **1.** Семе и саден материјал,
  2. **2.** Опрема за пакување и складирање на свежи производи,
  3. **3.** Набавка на опрема за земјоделско производство,
  4. **4.** Кај одгледувачите на стока набавка на машини за обработка и пакување на млеко и млечни производи,

  (образец за субвенционирање на опрема и/или услуги во земјоделството и сточарството)
- Потврда од решението за упис во Единствениот регистар на семејни земјоделски стопанства постаро од 6 месеци од моментот на поднесување на Барањето за субвенционирање на опрема и/или услуги.
- Изјава заверена на нотар со која барателот потврдува дека за истата набавка досега нема добиено финансиски средства од Буџетот на Република Македонија или од друг извор.
- Фотокопија од имотен лист
- Про-фактура или друг документ за планираната набавка
- Фотокопија од трансакциска сметка
- Фотокопија од лична карта

НАЧИН НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ

Член 5

(1) Подносителот на барањето за доделување на субвенции по основ на опрема и услуги во локалното земјоделство и сточарство го доставува до комисијата за субвенционирање при општина Охрид.

(2) За барањата кои се доставени со некомплетна документација, органот кој ја води постапката до барателот, доставува известување со определување на рок за дополнување на барањето и доколку странката не постапи согласно известувањето барањето се одбива.

(3) Барањата кои се доставени по истекот на роковите од став (1) од овој член се одбиваат

(4) Комисијата формирана од страна на градоначалникот на општина Охрид по доставување на потребната документација излегува на терен, ја утврдува моменталната состојба пред извршување на набавката и ја одобрува планираната набавка. По дадениот рок за извршување на набавката, семејното земјоделско стопанство ги доставува фискалните сметки, фактури или други финансиски документи, како доказ за извршената набавка. По приемот на комплетната документација, комисијата врши увид на терен, ја констатира новата состојба, истата ја споредува со финансиската документација и поднесените документи во Барањето, и врз основа на тоа составува Записник и донесува соодветно Решение за доделување на субвенции по основ на опрема и услуги во локалното земјоделство и сточарство .

(5) Износот на субвенцијата по основ на опрема и услуги во локалното земјоделство и сточарство изнесува 80% од извршената набавка.

(6) Субвенциите не покриваат извршување на градежни активности.

(7) Вкупниот износ на субвенциите не смее да го надминува предвидениот износ одобрен во Програмата Г1 за тековната година. Во случај на пристигнати барања за

субвенции во вкупен износ поголем од предвидениот со Годишната Програма, ќе се применува принципот „прв дојден – прв услужен“ се до исполнување на предвидениот износ.

## ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ

### Член 6

Висината на субвенцијата по основ на опрема и услуги во локалното земјоделство и сточарство изнесува 80 % од извршената набавка.

## ИСПЛАТА НА СУБВЕНЦИИ

### Член 7

Субвенцијата се пресметува во денари.

Општина Охрид пресметаниот износ на субвенцијата ја уплаќа на сметка на барателот - семејните земјоделски стопанства вршители на земјоделска дејност од мал обем во град Охрид.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 8

Овој правилник ќе биде објавен во Службен гласник на општина Охрид.